СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02 - 534/2
03.06.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 14-та седница одржана на 03.06.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува предложениот текст на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

**Член 2**

Предложениот текст на Правилникот од член 1 ќе се достави до претседателот на Собранието на СКМ, согласно член 28, став 2, точка 7 од Статут на СКМ.

Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02 - 534/3
03.06.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 14-та седница одржана на **03.06.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува Прирачникот за полагање на правниот дел од стручниот испит за доктори на стоматологија.

**Член 2**

Се усвојува базата на Прашања за полагање на правниот дел од стручниот испит за доктори на стоматологија.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02 - 534/4
03.06.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 14-та седница одржана на **03.06.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Согласно чл.19 од новиот Правилник за **составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата,** кандидатот кој не го положил стручниот испит во целост (двата дела од испитот), може повторно да го полага испитот се до истекот на рокот од една година по завршување на пробната работа. Доколку кандидатот не го положи стручниот испит во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, повторно ја извршува пробната работа.

**Ценовникот на услуги на Стоматолошка комора на Македонија**, во **точка 6** се дополнува со **нов став,** кој гласи:

''По повторното извршување на пробната работа, кандидатот ќе биде задолжен да ја плати цената за полагање на стручниот испит од точка 6 од Ценовникот, зголемена за 30% во однос на цената што ја платил при полагање на стручниот испит пред повторно извршување на пробната работа.

Зголемената цена за полагање на стручниот испит за 30% кандидатот се определува и кандидатот ја плаќа по секое повторно извршување на пробната работа.''

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Извршен Одбор на СКМ**
**д-р Мирлинд Селими**

# ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| 1. Издавање на лиценца за работа | 2.800,00 |
| 2. Продолжување на лиценца за работа | 2.600,00 |
| 3. Обновување на лиценца за работа | 3.200,00 |
| 4. Замена на лиценца (оштетена, изгубена, промена на лични податоци или замена на општа со специјалистичка лиценца) | 600,00 |
| 5. Издавање потврда | 600,00 |
| 6. Полагање на стручен испит:<br>- За доктори кои дипломирале во земјата<br>- За доктори кои дипломирале во странство (нострификација на стручен испит)<br><br>Кандидатот кој не го положил првиот (писмениот дел) од испитот се смета дека не го положил целиот испит и при пријавување на испитот по втор, односно трет пат го плаќа износот на надоместот како за пријавување на испит по прв пат.<br>Кандидатот кој не го положил вториот (практичен) дел од стручниот испит, за повторно полагање на истиот плаќа 30% од износот на надоместот за целиот испит.<br>По повторното извршување на пробната работа, кандидатот ќе биде задолжен да ја плати цената за полагање на стручниот испит од точка 6 од Ценовникот, зголемена за 30% во однос на цената што ја платил при полагање на стручниот испит пред повторно извршување на пробната работа.<br>Зголемената цена за полагање на стручниот испит за 30% кандидатот се определува и кандидатот ја плаќа по секое повторно извршување на пробната работа. | 30.000,00<br>50.000,00<br><br>30.000,00<br><br>9.000,00 |
| 7. Испит за проверка на стручните знаења и способности<br><br>- на доктори на кои им е одземена лиценцата за работа<br>- за доктори кои го имаат потребниот стаж, а немаат бодови од континуирана едукација<br>- за доктори кои немаат стаж, а имаат бодови од континуирана едукација | <br><br>36.000,00<br>25.000,00<br>10.500,00 |
| 8. Годишна членарина | 1.200,00 |

**За периодот од 2015 до 2018 година** членарината за невработените доктори на стоматологија изнесува **500,00 денари.**

**Почнувајќи од 2019 година**, докторите кои **3 и повеќе месеци во тековната година не биле во работен однос** (во Агенција за вработување се пријавени како невработени), плаќаат годишна членарина од **500,00 денари.**

Податоци за уплата:
Примач: Стоматолошка комора на Македонија
Трансакциска сметка бр. 300-000000477-179
Банка на примачот: Комерцијална банка АД Скопје
Шифра: 262